МАТЕРИЈАЛИ

Александар СТОЈАНОВСКИ

# ИСТОРИОГРАФСКИ МИНИЈАТУРИ

Во овој прилог ќе бидат дадени превод и коментар на три кратки записи поместени на една страница од опширниот пописен дефтер составен од официјалните турски власти во првата половина на XVI век[1]. Содржината на трите записи е различна, но сите се однесуваат на Охридско-струшкото подрачје. Па да почнеме според редоследот на записите.

Превод на првиот запис:
Касаба (Струга) - Јован Тома

*„Горесūоменаūиоū Јован е од родоū на муселемиūе[2], кој врши служба во ūврдинаūа Бабија[3]. Ги надīледува шеснаесеūūе државни биволи, оūределени за чисūење на далјаниūе. Ужива ūимар[4] и во секое време коīа има ūоūреба од чисūење, ūрави да се исчисūаū /далјаниūе/.*

*Оūкако наложеноūо чисūење и уредување ќе īо изврши без недосūаūок, соīласно султанскаūа наредба која му е во ракаūа, оūросūен и ослободен е /од даноциūе/. Во новиоū ūоūис се заūиша: Никој без ūричина да не се вмешува и ūроūивсūавува!“.*

Останува да се објасни дека биволот секогаш бил користен за транспорт на особено тешки товари, како најсилно домашно животно. На Балканот биволот бил познат уште во предосманлискиот период. Така, тој се споменува во хрисовулата на императорот Никифор Вотанијат, од 1079 година[5]. Но, се чини дека за време на турското владеење тој станал посебно ценето животно, кое не бара посебна издршка, а врши голема работа. Големата влечна сила на биволот наоѓала специфична употреба крај бреговите на Охридско-

[1] Başbakanlık Devlet Arşivleri Genel Müdürülüğü,*Osmanlı Arşivi Daire Bakanlıği, Tapu Defteri № 367, s. 383.* Пописот не е датиран, но постои претпоставка дека би можело да е составен меѓу 1529 и 1536 (*Kanuni i kanun-name za Bosanski, Hecegovacki, Zvornicki, Kliški, Crnogorski i Skadarski sandzak*, Sarajevo1957, 169).

[2] Муселем (Müsellem), во случајов: ослободен од даноци, привилегиран.

[3] Бабија, тврдина и населба далеку на запад од Охриското Езеро. Како што покажува пописот од 1582 година, дошло до раселување на тврдината, така што и во Охриската тврдина се населиле 26 семејства, кои порано служеле во тврдината Бабија (*Охрид и Охридско низ исūоријаūа,* Книга втора, Скопје 1978, 11).

[4] Тимар, феудален имот од најнизок ранг, кој носел годишен приход до 19999 акчиња.

[5] Стр. Лишев, *Българскияū средновековен īрад*, БАН, Институт за история, София, 1970, 52.

то Езеро. Во XVI век, ако не и порано, муслиманското населението на Струга имало обврска да ги „надгледува и чува државните биволи“. Тоа задолжение бездруго било во врска со истата онаа потреба што се јавувала и во времето на Џеладин-беговото владеење во Охридско: Струга била постојано поплавувана, најмногу поради тоа што истекот на Црни Дрим бил засипуван со песочен нанос од Езерото, па за неговото отстранување биле употребувани „многу биволи, специјално за тоа чувани“. Местото на кое тие биле чувани, на половина час растојание од Струга, населението и подоцна продолжило да го вика „село Биволарница“[6]. Кога се знае дека и струшките даљани биле точно на истекот на Црни Дрим, нема сомневање дека и нашиот Јован Тома ја имал истата задача, да го отстранува наносот од Охридското Езеро со помош на шеснаесетте биволи што се споменуваат во документот.

*

* *

Превод на вториот запис:

*„Црква - Узгур, прочуена Галастри (?) Перивлепта*[7]*.*

*Епископите од Охридскиот вилает и од местата кои нему му припаѓаат, порано резидирале во црквата по име Архиепископија. Подоцна споменатата црква станала џамија. Актуелниот епископ, монахот по име Василија, резидира во горепоменатата црква Узгур. Заедно со духовниците (калуѓерите) во рацете имаат наредби од Падишахот (Султанот) за ослободување од сите вонредни даноци (avarız-ı divâniyyeden). Ушурите (десетоците) од земјата што ја обработуваат во местата кои ѝ припаѓаат на горепоменатата црква, ги даваат на санџак-бегот.*

*Од она што би преостанало, од четирите делови три делови да земе рајата, а еден дел епископот.*

*Лица (свештеници) - 6 Лозја - 6 парцели, приход - 2500 /акчиња/“.*

Добро е познато дека името Узгур, односно Згур, кое во документов го носи црквата, е име на градителот на црквата и зетот на императорот Андроник II Палеолог, војсководачот Прогон Згур. Црквата ја изградил во 1295 година и ѝ подарил плаштаница со грчки натпис извезен на неа[8]. Над влезната (западна) врата на црквата бил поставен грчки натпис за нејзинота изградба, кој во превод на македонски јазик гласи:

„Се изгради овој божествен и сѐчесен храм на сѐпресветата владичица наша Богородица Перивлепта, со содејството и расходите на господинот Прогон Сгур, голем етеријарх, и на сопругата му госпоѓа Евдокија, зет на нашиот моќен и свештен самодржец на Ромеите, Андроник Палеолог, и на благочестивата му сопруга Ирина. При архиерејството на Макарија, сѐсвети-

[6] *Охрид и Охридрко, 90.*

[7] Узгур, т.е Згур; Перивлепта (зап. Перивлепка), т. е. Перивлептос. Останува нејасно и несигурно прочитано значењето на називот *Галастри.* Читателот треба да има предвид дека овие текстови се пишувани без дијакритички знаци (точки), што до голема мерка го отежнува точното читање (види ги приложените факсимили).

[8] *Охрид и Охридско*...236 и забелешка бр. 518.

от архиепископ на Прва Јустинијана и цела Бугарија, во г. 6803 = 1225 едикт 2“[9].

Значи, во прашање е црквата Света Богородица Перивлептос, во која после турското освојување било преместено седиштето на Охридската архиепископија, заедно со гробот на Свети Климент Охридски, поради што станала славна како црква Свети Климент Охридски. Како што се гледа и од записот, преместувањето на седиштето на Архиепископијата станало поради тоа што турските власти старата Свети Климентова црква и седиште на Архиепископијата ја претвориле во џамија. На почетокот на новиот милениум, во време на владата на премиерот Љубчо Георгиевски, старата Климентова црква е обновена и претставува една од најубавите сакрални објекти изградени во самостојна Република Македонија.

Во погоре цитираниот турски запис епископ (всушност архиепископ) на Охридската архиепископија бил монахот Василија. Тоа, најверојатно е истиот оној Василиј, кој како архиепископ се споменува во 1532 година[10]. Тоа дотолку повеќе што таа година наполно одговара на временскиот интервал во кој настанал пописниот дефтер и записот во кој се споменува епископот Василија, 1529-1536 година. Колку што ни е познато, ова е прво спомнување на Василиј(а) како охридски епископ, односно архиепископ. Останува непознато времетраењето на неговата епископска должност, што, меѓу другото, би можело да го прецизира или стесни временскиот интервал во кој настанал пописот.

Ново и значајно е што записот го прецизира бројот на свештените лица кои ја сочинувале црковната обител. Тоа биле шест лица, веројатно сметајќи го и Василија. Тие биле ослободени од сите вонредни даноци, што не било мало олеснување. Но од своите обработливи земји тие, како и другата раја, морале да даваат ушур (десетти дел) од вкупното годишно производство. Ушурот го давале директно на актуелниот санџак-бег, т. е. на управникот на Охридскиот санџак, што само по себе говори за посебниот статус на Охридската архиепископија. Колкав бил тој земјишен имот од записот не се гледа, ако не се сметааат петте лозја, кои давале годишен приход од 2500 акчиња. Не е јасно дали целата таа сума одела во полза на Црквата. Во секој случај, јасно е дека црковната земја не ја обработувале самите свештени лица, што, впрочем, и не би било можно. Тоа се гледа и од заклучната одреба: откако ќе се намирил ушурот, од целиот друг годишен приход што би останал на располагање на Црквата, а бездруго останувал, само еден дел го задржувал епископот (архиепископот), односно на Црквата, додека преостанатите три делови им припаѓале на селаните т.е. рајата.

*

*   *

Превод на третиот запис:

*„Муселеми од неверниците (христијаните) на самиот (град) Охрид, кои на тврдината Бабјани ѝ даваат на смена дежурни (чувари).*

[9] Йордан Иванов, Български старини из Македония, София 1970, 38-39.

[10] Иван Снегаров, История на Охридската архиепископия - патриаршия, II, София 1932, 18, забележка 3; Љ. Сојановић, Стари српски записи и натписи, I, Београд 1902, док. No 471.

*Лица (војници) - 30".*

Во групата на овие муселеми секако влегувал и Јован Тома од првиот запис.

Веројатно како и муселемите што оделе во војна, како помошни одреди, и овие триесетмина од тврдината Бабјани сочинувале посебен „оџак", т.е. одред, со тоа што на смена служеле во тврдината (како чувари или мајстори)[11]. Пописот извршен во 1583 година упатува на заклучок дека тие биле задолжени да ја одржуваат тврдината Бабјани, кај истоименото село во нахијата Мокра, југозападно од Струга, крај левиот брег на р. Шкумба, во Албанија. Имено, во тој попис се регистрирани 26 (од поранешните 30) укинати муселеми од тврдината Бабија. Под нивните лични имиња поместен е подолг текст, дава доста интересни информации:

„Гореспоменатите зимии (христијани) од порано биле муселеми на тврдината Бабија, со /даночно/ ослободување. Со нивното доселување во самиот Охрид, пред повеќе од педесет години, во тврдината не остана куќа и место за живеење. Поради тоа се издаде наредба за укинување на нивниот статус на муселеми. Оние од споменатите /бивши/ муселеми, нивните роднини и браќа, кои живеат во Охрид, станаа раја како и останатата раја. Заедно со другите неверници (христијани), кои се одредени за поправки на Охридската тврдина, ги вршат поправката и одржувањето на тврдината. Откако заедно со охридската раја целосно ќе го подмират нивното џизие (арачот) за државата, испенџето, шеријатските (законските) обврски и обичајните даноци, во замена за својата служба, се наоѓат во состојба на простени и ослободени /од даноците/, на ист начин како и неверниците (христијаните) од самиот Охрид. Така е пропишано во пристигнатата Царска (Султанска) заповед, па врз основа на Високата наредба се запиша во новиот царски попис"[12].

Прво што сугерира овој текст, тоа е дека трите записи што овде се поместени настанале „пред повеќе од педесет години", што ќе рече некоја година пред 1533 година. Ова директно укажува дека трите записи што овде се објавуваат, како и целиот попис од којшто тие се земени, настанале околу 1532 година. Тоа е токму годината кога се споменува „архиепископ Василиј", односно охридскиот епископ (архиепископ), монахот Василија од вториот запис. Тогаш во Охрид се доселиле триесетте муселеми од тврдината Бабија, со тоа што останале (или продолжиле) да ја вршат својата служба во истата тврдина.

Сето ова сведочи, од една страна, дека до 1583 година тврдината Бабија ја изгубила својата функција, а од друга страна, дека во текот на XVI век дошло до засегање и постепено укинување на посебните задолженија, а со тоа и на правата на т.н. привилегирана раја во Османлиското царство.

---

[11] Mehmed Zeki Pakalın, *Tarih Deyimleri ve Terimleri Sözlüğü,* II, 16. Fasikül, Istanbul 1971, 627.

[12] Турски документи за историјата на македонскиот народ. *Опширен пописен дефтер на Охрискиот санџак од 1583 година,* VIII/1, Скопје 2000, 157-158.


Tapu def. N° 367
383